ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ДЕМИР ХИСАР

# Еко весник

Прво издание

Мај 2019



# ВОВЕД

Никогаш нема да го оствариме своето право на живот во здрава животна средина, доколку не воспоставиме рамнотежа помеѓу човекот и природата.
Затоа не случајно се вели дека екологијата денес треба да стане систем на однесување и свест за одговорно живеење.
Екологијата всушност ја има во сите сфери на нашето живеење. Во урбанизацијата на околината, во образованието, во спортот, туризмот, во сечиј наш дом.
Екологија е да се направи нешто, да се создаде, да се заштити, а никако да се уништи.
За жал сликата е многу поинаква. Градежен шут, стари апарати и најразличен отпад можат да се видат насекаде.
Можеби ако гледаме на глобално ниво нашиот напор ни изгледа безначаен, но секој еден поединец кој ќе направи нешто корисно за човештвото, е навистина важна алка во синџирот наречен чиста животна средина.

**Членови на Тимот надарениученици**
Јована Лозановска - V одд.
Јована Цветановска - V одд
Стефан Најдовски - V одд
Јован Велевски - V одд
Андреа Илиовска - V одд
Сара Ѓоковска - V одд
Далибор Ѓорелевски -VI одд
Симона Христовска -VI одд
Викторија Шурбевска -VI одд
Климентина Стевковска- VI одд
Софија Стевановска -VII одд
Ангела Чамовска -VII одд
Елена Котевска -VII
Мартина Котевска -VII одд
Ана Марија Јолевска -VII одд
Јана Талевска -VII одд
Емилија Илијовска -VIII одд.
Јана Котевска -VIII одд
Ивона Поповска -VIII одд
Јована Илиовска -VIII одд
Јована Димоска -VIII одд
Михаела Настевска -VIII одд
Стефани Нешкоска -IX одд.
Евгенија Грујевска -IX одд.
Емилија Лазаревска -IX одд.
Марија Василевска -IX одд.

**Одговорни наставници**
Дејан Бошевски, психолог
Жана Јосифоска, педагог
Валентина Решњак – помошник директор
Елена Ѓорѓиевска, наставник по ликов.обр.
Марина Савеска – одделенски наставник
Весна Здравеска - одделенски наставник
Љубомир Прчков –наставник по макед.ј.

Учениците, со цел да утврдат колку е развиена свеста на младите за екологијата, спроведоа кратко истражување преку анкетирање на ученици од различна возраст. Анкетата има 4 прашања во врска со фрлањето на ѓубрето и селекцијата на отпадот.  Ова се резултатите добиени од оваа анкета:

Првото прашање беше: *Каде го фрлате ѓубрето?*




Како второ прашање беше поставено прашањето *доколку го фрлате ѓубрето во корпа или контејнер, зошто го правите тоа?*



Третото прашање во оваа анкета гласи: *Доколку го фрлате ѓубрето на улица, зошто го правите тоа?*




И како последно прашање беше поставено: *Доколку видите дека некој фрла ѓубре на улица како ќе реагирате?*



## ЧИСТА ПРИРОДА















# ЗАГАДЕНА ПРИРОДА



АНДРЕА ИЛИОВСКА



Сара Ѓоковска



Далибор Ѓорелевски VI a



ЈАНА ТАЛЕВСКА VIIA



Ангела Чамовска VIIв

**ЉУБОВ КОН ПРОРОДАТА**
Колку сум среќна кога ќе видам чиста животна средина.
Мил поглед за нашите очи.Се прашувам зошто луѓето фрлаат отпадоци насекаде?Зошто не сакаат да ја заштитат
природата?Природата треба да се чува.Ние како совесни
граѓани треба да засадуваме млади дрвца да ги негуваме
и штитиме и тие ќе ни вратат со добро.Јас ја сакам природата.
**Сара Ѓоковска Vб**

**ЛУЃЕ, ЧУВАЈТЕ ЈА ПРИРОДАТА ЗА ДА НЕ ВЕ СНАЈДЕ ЗЛО**
Валкани улици, нечист воздух, исушени и навалени дрвја. Како да бараат помош. Луѓето го претворија светот во една голема депонија. Кога фрлаш ѓубре на улица, тротоар, во природа, зарем не ти е жал за тоа што ќе го уништиш? Зарем не знаеш дека си штетиш себеси па и на сите околу?
Многумина од нас не се свесни колку фабриките можат да бидат штетни, не се свесни ни што прават кога прават депонија покрај река или шума. И баш кога ќе поминеме покрај не наместо зеленило, ќе видиме шаренило. Тоа не изгледа убаво. Не сме свесни, ни кога ги сечиме убавите шуми. Луѓето криејќи се, одат во шума со пила и сечат колку што сакаат а тоа е забрането.
Кога ќе ни се подигне свеста?
Можеби тогаш кога ќе останеме без чист воздух.
Но, тогаш ќе биде касно.
**Емилија Л., Маја В., Вероника Б. IX в**

**ЕКОЛОГИЈА**
Природа... звучи како нешто природно, чисто и убаво. Со нетрпение чекаме да дојде пролет, бидејќи тогаш се е шарено, насекаде има зеленило, дрвјата расцветуваат.
Но сепак не е многу чисто, воздухот е загаден и шумите се сечат. Каде и да поминеме насекаде ќе видиме ѓубре, да можеби постојат казни ама тоа е се за џабе. На никој од нас не ни текнува дека самите си го загрозуваме животот, со тоа што фрламе ѓубре во природа умираат и животните. Воздухот е полн со хемикалии, затоа што има многу фабрики кои произведуваат автомобили и за сите производи што се произведуваат потребно е да се потрошат големи количини на природни ресурси, се употребуваат разни штетни хемикалии кои се испуштаат во водата и почвата и се создаваат илјадници тони јаглероден диоксид и други гасови кои се испуштаат во атмосферата. Со други зборови ги земаме ресурсите од природата, ги користиме за создавање на производи кои ни се потребни, а по одредено време ги фрламе и гориме тие производи во депониите. Природата треба да се чува за да не опкружува убавина од шуми. Убава е кога ќе одиме во прошетка и ќе видиме раззеленети дрвја, расцутени цвеќиња, бујна зелена трева и животни кои разиграно трчаат низ убавините на природата. Ние сме дел од неа, таа не опкружува и заедно со нас, живее, расте и умира.
**Ангела Кордановска IXа**

## ЕКОЛОГИЈА

Заштити ја природата!
Ништо поубаво од неа нема
Заштити ја природата!
На сите нам ни треба
Посади дрва,
Посади и цвет,
Крај него ќе видиш
пеперутка во лет.
Топлото сонце
Што те гали мило
Во твојата коса
Зраците ги скрило.
Бистрото поточе
Што ита како стрела
Тоа значи живот
За срната смела.
Сакај ја природата
Таа многу значи
Од секоја нејзина воздишка
Љубов зрачи.
**Елена Котевска VII б**

## НАШАТА ПЛАНЕТА

Една ни е оваа планета
Со разни убавини исполнета сета.
Затоа ќе напишам песна кратка
За нашата планета убава и слатка.
Луѓето на планетата со разни цели
Секој од нив совет дели
И секој човек ова го вели.
Чувај ја оваа планета една
Што за нас е многу вредна.
Помогни и ти нешто
И зачувај ја планетата вешто,
Засади дрвце засади цвет
Па разубави го овој свет.
**Елена Кузмановска VIIб**

## ПТИЦА

Птица мала летна,
Јато птици сретна.
Птиците на свој
Јазик разговор водат.
Децата игра играат,
А птиците песна им пеат.
Птиците летаат,
А дрвјата цветаат.
Птиците песна запеаа,
Децата игра заиграа,
А пчелите од цвет на цвет,
За дечиња собираат мед.
**Марија Секуловска VII б**

## ЧИСТИНА

Поглед ми се рашири
По планински врвови
Кои како снежно бели
кринови
Се појавија во очи сонливи.
Вратив поглед во дворови
Изметени, рамни
Со цвеќиња засадени
Едно од друго поубави.
Чистина сакам да видам
детство неизматено
Љубовни очи на мајка
На татко чело неизбрчкано.
Чистина по полиња
Чистина по патишта
Воздух да се прелива
Од чиста сончева топлина.
**Јована Ивановска Vа**

## ЖИВОТ

Живот мил радост
Носи, среќа, љубов.
Животот е прекрасен,
Само доживеј го на твој
Начин, и ќе бидеш најсреќен.
Среќа, радост, љубов
Бескрај животот носи.
Животот е твој исполни го како што сакаш, и ќе
Бидеш најсреќен на цел свет.
Секоја секунда во светов
Некој се раѓа, некој умира,
Некој се радува, а некој е тажен,
ете тоа е животот.
За да биудеш среќен живеј го на свој начин
**Марија Секуловска VII б**

## ЧУВАЈТЕ ЈА ОКОЛИНАТА!

Во пролет,
Секаде на овој свет
Треба некој цвет да цвета
И шарена пеперутка да лета.
Во лето, исто така,
Тревите да бидат чисти
Секако и реките и
Езерата да се бистри.
Во есен, жолтите лисја
Да паѓаат на своето место,
Исто така и зимницата
Да мириса често.
Во зима, не треба,
Снегот да е поцрн од чадот,
Бидејќи секое дете сака
Да игра со снег
во селата и градот.
Ајде сите овие желби
Да бидат исполнети,
Да ја чуваме и негуваме
Нашата околина!
**Климентина Стевковска VIб**

## ЕКОЛОГИЈА

Што е убав овој свет,
Овде отпад-таму смет!
Нигде цвеќе,сегде чад
тешко дише и стар и млад.
Еко-ѕвонот на глас бие:
„Што сторивте луѓе вие!?“
Од земјата мајка ваша
направивте вкусна каша!
**Јован Велески V б**

Постојат повече начини за штедење на електрична енергија преку уреди во домот и изолација. Ова се некои од нив:

**1.Рерна**-Еден од најголемите потрошувачи во домот е рерната. Вклучувајте ја само кога е потребно и исто така помалку енергија ќе се потроши ако се користи ринглата а не рерната.

**2.Машина за перење**- Еден од поголемите потрошувачи на електрична енергија во домот. За да заштедиме енергија можеме да пуштаме машина за перење на ефтината тарифа на струја и исто така ако ја наполнеме половина од нејзииниот капацитет ќе искористи исто енергија а за помала количина на облека што треба да избегнуваме да го правиме .

**3. Машина за перење на садови**- Треба да се пушта во употреба само кога е целосно наполнета. Исто така доколку има опција за кратко и економично миење треба да се одбере таа опција.

**4.Компјутер**- Не го оставајте на “stand by” или пуштени кога не се во употреба,со тоа тие трошат енергија речиси исто како да ги работите.

**5.Фрижидер**- Треба да биде поставен на ладно место подалеку од каков било топлински извор. Кога се вели топлински извор се мисли на шпорет, печка или слично. Исто така, пожелно е да не биде изложен на сончево зрачење. Не го оставајте премногу време отворен бидејќи на секој фрижидер му требаат повеќе од 3 минути за да ја достигне саканата температура ако се држи отворен една минута.

**6.Бојлер**-Користете ја топлата вода од бојлерот рационално. Пожелно е кога еднаш се загрее бојлерот, што повеќе луѓе да ја искористат водата во побрз временски период. Што повеќе се чека, толку бојлерот повеќе би се изладил и би морало повторно да се вклучува за да се загрева. Со оглед дека бојлерите имаат минимум грејачи од 3 kw тогаш повеќе од јасно е за колкава заштеда станува збор.

**7.Светилки**-Внимавајте на осветлувањето и дали е потребно да биде вклучено во некоја просторија или не. Често пати децата не внимаваат и оставаат вклучени светилки без разлика што тие не се во собата. Ако ги замените светилките ќе заштедите на енергија, на пример ако замените една светилка од 60 вати со една светилка од 30 вати ќе заштедите на електрична енергија.

**8.Рерна/Рингла**-При готвење исклучете ја рерната или ринглата 5 минути порано. Речиси секогаш тие се доволно загреани и имаат акумулирано доволна топлина за да се доврши јадењето. Така, по 5 минути заштеда од секој зготвен оброк речиси секој ден би се направило голема заштеда на сметката за електрична енергија.

**9. Радијатори**-Да се затворат вентилите на радијаторите во собите што не се користат и да се испушти воздухот од радијаторите два пати во годината за одржување на ефикасноста.

**10.Соларни панели**-Користете ја сончевата енергија за да ја затоплите водата во бојлерите и исто така тие значително ја намалуваат потрошувачката на електрична енергија во домот.

**11. Изолации-**Инсталирајте изолации на таванот и на ѕидовите, променете ги прозорците и вратите за да ја зачувате посакуваната топлина во вашиот дом.

## ГАЛЕРИЈА

Галерија од групата надарени ученици кои работеа на проектот од областа на екологијата во учебната 2018/2019 година.


















ЕКО ПОРАКИ
Фрли го отпадот на соодветно место.
Тревата те моли не ја гази ја боли
Штеди вода тоа е во мода
Во природата одам често затоа што здравјето ми е на прво место
Засади дрво, засади цвет за подобар свет
Чист воздух - здрав живот
Чистиот воздух е на место прво, затоа засади барем едно дрво
Изработија:
Елена и Мартина
АнаЃорѓиј, Котевски, Јона
Јолевска VIIб Талевска VIIк